**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА**
**ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР**

**Бр. 01-310 /1**
**29.09.2021година**
**С к о п ј е**

Врз основа член 103 став (1) алинеја 3 од Законот за железничкиот систем ("Службен весник на Република Македонија" бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 302/20) и член 11 став (1) алинеја 3 од Статутот на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор број 01-326/3 од 27.09.2010 година, Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор на седницата одржана на ден 29.09.2021 година донесе:

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување на Правилникот за систематизација на работните места на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор

### Член 1

Со овој Правилник се врши изменување на Правилникот за систематизација на работните места на Агенцијата за регулирање на железничкиот секто, бр.01-133/1 од 17.08.2017 година на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, односно во целиот текст на Правилникот зборовите „Република Македонија" се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија".

### Член 2

Во член 5 став 1 зборовите „4 (четири), а распоредени се на следниов начин:

| Ниво | Систематизирани работни места | Пополнети работни места |
|---|---|---|
| Б2 | 4 | 2 |
| Б4 | 8 | 0 |
| В1 | 13 | 1 |
| В3 | 2 | 0 |
| Г2 | 1 | 0 |

"

се заменуваат со зборовите„2 (две), а распоредени се на следниов начин:

| Ниво | Систематизирани работни места | Пополнети работни места |
|---|---|---|
| Б2 | 4 | 2 |
| Б4 | 8 | 0 |
| В1 | 13 | 0 |
| В3 | 2 | 0 |
| Г2 | 1 | 0 |

“

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Бр. 01-36/1**
**29.09.2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за регулирање на железничкиот сектор**
**Управен одбор**
**Претседател**

**Раде Лазаревски**